Република Северна Македонија
Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр.02-124/1
16.03 2024 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - ЗВЕЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ

Со одлука донесена на ___ седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, одржана на ден _____година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во сите наставни звања од полето 507 Политички науки во областа на Политички систем на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје.

Јавниот конкурсот за избор на наставник во сите наставни звања од полето 507 во областа на Политички систем беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 07.11.2022 година, и во предвидениот рок се пријави д-р Никола Ѓоршоски.

Членовите на рецензентската комисија, согласно член 172 од Законот за високо образование( Сл.Весник на РМ бр.82/18) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија " Скопје, а во врска со објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Политички систем

Врз основа на деталниот увид на приложената документација, на Наставничкиот совет му го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Александар Давчев е роден на 06. 11. 1995 година во Штип. Во 2014 година завршува Средно Општинско училиште Гимнаизја „Славчо Стојменски"-Штип. Во 2014 се запишува на Економскиот факултет при УКИМ во Скопје на департманот Финансиски менаџмент. Факултетот го завршува со просечна оцена 9.75. Во 2018 година дипломира на тема од област на осигурувањето. Во истата година се запишува на Втор циклус студии на студиската програма Монетарна Економија, финансии и банкарство на Економскиот факултет Скопје при УКИМ. Вториот циклус на студии го завршува со просечна оцена 10.00. Во 2020 година го брани магистерскиот труд на тема: „Улогата на монетарната политика во услови на длабоки рецесии-случајот на големата рецесија 2007-2009".

Кандидатот, уште додека бил студент во 2017 година, своевремено има и повеќегодишна соработка како демонстратор (надворешен соработник за изведување вежби) на Економски факултет Скопје при УКИМ.

Особено е значајно да се потенцира дека кандидатот м-р Александар Давчев во 2020 година учествувал во проектот „Организирање на активности за брз раст на потенцијалните иновативни мали и средни претпријатија-Газели", каде како партнерска институција учествувала Стопанската комора на Република Северна Македонија.

2. **Наставно образовна дејност (НО)**

- Академска 2017/2018 Економски факултет Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, соработник (демонстратор) по предметите: *Математика, статистика и демографија*

- Академска 2018/2019 Економски факултет Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, соработник (демонстратор) по предметите: *Математика, статистика и квантитативни методи*

- Академска 2019/2020 Економски факултет Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, соработник (демонстратор) по предметите: *Математика, осигурување и статистика*

3. **Научно истражувачка дејност (НИ)**

***Меѓународно научни трудови:***

- "The financial system and its end users" in *KNOWLEDGE-International Journal* Vol. 61.1, Year 2023, Bansko, R. Bulgaria;

- "Great Recession 2007-2009 in USA" In Challenges of tourism and business logistics in the 21st century, Vol.3 No.1, Year 2023, Stip, North Macedonia

- "Monetary policy in the case of the Great Recession 2007-2009 through the example of The Federal Reserves of USA and the European Central Bank" In Challenges of tourism and business logistics in the 21st century, Vol.3 No.1, Year 2023, Stip, North Macedonia

***Меѓународно научни конференции***

- 15-17 December 2023 - KNOWLEDGE IN PRACTICE organized by Institute Knowledge Management presentation on topic: " The financial system and its end users ", Bansko;

- 13 November 2020- CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY organized by Faculty of Tourism and Business logistics University Goce Delchev, Shtip, N. Macedonia presentation on a topic "Great Recession 2007-2009 in USA"

- 13 November 2020- CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY organized by Faculty of Tourism and Business logistics University Goce Delchev, Shtip, N. Macedonia presentation on a topic "Monetary policy in the case of the Great Recession 2007-2009 through the example of The Federal Reserves of USA and the European Central Bank"

4. **Стручно-апликативна и организациски развојна дејност (САОР)**

- 15-17 December 2023 - KNOWLEDGE IN PRACTICE organized by Institute Knowledge Management presentation on topic: " The financial system and its end users ", Bansko;
- 13 November 2020- CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY organized by Faculty of Tourism and Business logistics University Goce Delchev, Shtip, N. Macedonia presentation on a topic "Great Recession 2007-2009 in USA"
- 13 November 2020- CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY organized by Faculty of Tourism and Business logistics University Goce Delchev, Shtip, N. Macedonia presentation on a topic "Monetary policy in the case of the Great Recession 2007-2009 through the example of The Federal Reserves of USA and the European Central Bank"
- учество во проект „Организирање на активности за брз раст на потенцијалните иновативни мали и средни претпријатија-Газели" каде како партнерска институција учествувала Стопанската комора на Република Северна Македонија.

**Доколку ги квантифицираме вредностите на работните обврски и ангажманот на кандидатот м-р Александар Давчев, согласно одредбите на Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје е оценет со  поени, за што во прилог на оваа рецензија има табеларен приказ.**

**Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишаниот јавен конкурс за избор во наставно звање од областа на финансии, може да констатира дека кандидатот м-р Александар Давчев ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

Согласно Правилникот за критериуми и постапката за избор во звања на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје кандидатот м-р Александар Давчев ги има остварено следниве бодови кои се однесуваат на целокупната активност ( НО+НИ+САОР) :

- Наставно образовна дејност (НО) = 16,2
- Научноистржувачка дејност (НИ)= 10
- Стручно-апликативна и организациски развојна дејност (САОР) = 2
- Вкупна активност ( НО+НИ+САОР)= 28.2

Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатот м-р Александар Давчев го има потребното искуство за избор во наставно звање <u>предавач</u> , има работно искуство во наставна и високообразовна дејност  како  и има објавено научни и стручни трудови, покажува интерес, капацитет и способност за наставно образовна и научно истражувачка активност, кои се потребни за извршување на работните обврски како <u>предавач</u> во областа на финансии.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да го избере кандидатот м-р Александар Давчев во наставно звање предавач од областа на финансии на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, претседател

2. Проф. д-р Марија Гогова Самоников, член

3. Проф. д-р Влатко Пачемкоски, член

Прилог

Табела за вреднување на активностите на кандидат м-р Александар Давчев, според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

| ВИД НА АКТИВНОСТ | БРОЈ | ПОЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Изведување вежби прв циклус студии (*Математика, статистика и демографија*) | 3*12= 36 | 0,15 | 5,4 |
| Изведување вежби прв циклус студии (*Математика, статистика и квантитативни методи*) | 3*12= 36 | 0,15 | 5,4 |
| Изведување вежби прв циклус студии (*Математика, осигурување и статистика*) | 3*12= 36 | 0,15 | 5,4 |
| **Вкупно (НО)** | | | **16,2** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Трудови објавени во меѓународно научно списание со меѓународен уредувачки одбор | 1 | 4 | 4 |
| Трудови објавени во зборник од научни трудови со меѓународен уредувачки одбор | 2 | 3 | 6 |
| **Вкупно (НИ)** | | | **10** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Учество на стручни меѓународни конференции, меѓународни програмски активности и координација на меѓународно стручни проекти | 4 | 0,5 | 2 |
| **Вкупно (СА+ОР)** | | | **2** |
| **ВКУПНО ( НО+НИ+САОР)** | | | **28.2** |